# Говор на омраза во Северна Македонија: Клучни информации (2023–2025)



## Правни и институционални предизвици

- И покрај постоечките одредби во повеќе закони, националното законодавство сè уште не содржи прецизна дефиниција за говор на омраза.
- Во државата не постои надлежна институција која систематски собира, следи и анализира податоци за говор на омраза, што сериозно го ограничува институционалниот одговор.
- Во јуни 2024 беше номиниран јавен обвинител во ОЈО Скопје за предмети поврзани со омраза и дискриминација, додека во другите региони сè уште нема специјализирани обвинители.
- Според кварталниот извештај на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) за периодот април–јуни 2024, не е покрената ниту една постапка по службена должност за говор на омраза за време на изборната кампања и покрај тоа што во јавноста беа нотирани повеќе такви случаи.

## Што понатаму?

- Да се внесе правна дефиниција за говор на омраза во националните закони, со цел јасно санкционирање и превенција.
- Да се назначи надлежна институција задолжена за следење, евиденција и анализа на случаи на говор на омраза.
- Да се зголеми бројот на јавни обвинители специјализирани за следење на предмети од омраза и дискриминација, со по еден во секој статистички регион.
- Да се зајакне проактивната улога на КСЗД, со покренување постапки по службена должност, особено при говор на омраза од јавни и политички актери.

ЕУ со ТЕБЕ

Инфографикот е подготвен во рамките на проектот „Заедничка акција за човекови права“, финансиран од Европската Унија. Содржината на овој документ е единствена одговорност на Институтот за европска политика (ЕПИ) – Скопје и на никаков начин не може да се смета дека ги претставува ставовите и мислењата на Европската Унија.

Институт за европска политика, Скопје